# ИНФОРМАТОР

vitaminka.company

Бр. 37 ноември 2025

СОС ДЕТСКО СЕЛО

**ЗАЕДНО за топол дом, љубов и грижа за секое дете**

*Одиме напред*

**ESG - чекор поблиску до одржлива иднина**

Стр. 4

*Во фокусот*

**Понудата на Витаминка на два меѓународни саема**

Стр. 10

*Кон иднината*

**Витаминка со прва реклама во прехранбената индустрија создадена со ВИ**

Стр. 15




Со секој купен Стоби Флипс,

ЗАЕДНО СО ВАС,

донираме за децата

без родителска грижа

ВИТАМИНКА

# СОДРЖИНА



Стр. 4

Имплементацијата на ESG - чекор поблиску до одржлива иднина




Стр. 12

Регионална размена на добри практики за родово одговорни политики во компаниите



Стр. 20

Витаминка - училница за љубопитните млади умови



Стр. 28

Енергија, вкус и насмевки за сите млади олимпијци

Стр. 38

Со Витаминка на Шара - вкусно, весело и авантуристички

Информатор

*Воведник*

***Меѓу човечноста и технологијата – приказна што спојува светови***

Во време кога светот забрзано се менува, а технологијата и хуманоста сè почесто се преплетуваат, Витаминка повторно покажува дека срцето на секоја компанија не чука во бројките, туку во луѓето и идеите што создаваат смисла.

Добро дојдовте во 37-миот број на нашиот Информатор, издание што ја раскажува приказната за чекорите што ги правиме кон подобро утре. Истовремено и чекори што обединуваат луѓе, идеи и страсти.

Овој број на Информаторот е приказна за токму таа смисла, за доброто кое се споделува, за иновацијата која инспирира и за одговорноста која не се изговара, туку се живее, со конкретни дела.

Во месецот зад нас, нашите пакувања од омилениот Стоби Флипс добија нова мисија, станаа симбол на грижа. Со секое купување, се издвојуваат средства за поддршка на децата од СОС Детско село, затоа што големите дела почнуваат со мали гестови на љубов. Тоа е дел од нашата секојдневна приказна, да бидеме таму каде што сме најпотребни, со вкусот што радосно се споделува со генерации пред нас, а овие гестови и оваа донаторска акција ќе придонесе за уште многу по нас.

Но Витаминка не живее само во сегашноста, ние гледаме кон иднината со храброст и љубопитност. Токму затоа, во овој број откриваме уште еден пресврт а тоа е првата реклама во прехранбената индустрија создадена целосно со вештачка интелигенција. Проектот за брендот Sorry е доказ дека креативноста нема граници кога технологијата се користи со визија, а иновацијата станува дел од нашата ДНК.

И помеѓу тие два света, човечноста и технологијата, се движиме напред со ESG вредности, со младински ентузијазам, со енергија за здравје, со поддршка за културата и спортот, со боите на животот што ги цртаме заедно со нашите заедници.

Преку регионални средби, конференции и партнерства, покажуваме дека успехот не се мери само во бројки, туку и во вредности, од почитта кон природата, до вложувањето во младите и во грижата за заедницата.

Информаторот број 37 е повеќе од весник тоа е огледало на нашата колективна посветеност да создаваме свет полн со вкус, идеали и насмевки.

*Одиме напред*

# Имплементацијата на ESG - чекор поблиску до одржлива иднина

Витаминка официјално го започна процесот на воведување на ESG (Environmental, Social, Governance) преку VSME рамката на репортирање, која ги обединува заложбите за одржлив раст, општествена одговорност и транспарентно корпоративно управување.

До крајот на април 2026 година ќе биде подготвен првиот ESG извештај на Витаминка, со кој ќе се прикажат активностите и целите за одржливо работење во сите сегменти – од производство и иновации, до логистика, човечки ресурси и комерција.

ESG не е стандард, туку начин на размислување и делување што ја движи компанијата напред – кон европски и светски вредности на одговорен и одржлив бизнис. Станува збор за пристап кој го обединува грижата за животната средина, општествената одговорност и етичкото управување.

Воведувањето на ESG принципите претставува уште еден доказ за заложбата на Витаминка да гради бизнис кој расте одговорно, создавајќи вредност и за компанијата и за општеството.



*Одиме напред*

# Регионална средба во Сараево

*Три дена исполнети со идеи, продуктивност и инспирација*

Оваа есен, традиционалната Регионална средба на Витаминка се одржа во живописното Сараево. Настанот повторно ги обедини нашите бизнис партнери и соработници од целиот регион, создавајќи можност за продлабочување на соработката, размена на искуства и дефинирање на нови заеднички цели.

Во текот на тридневната програма, учесниците имаа можност да споделат успешни практики, да дискутираат за идните предизвици и да ги постават насоките за уште поголем развој на брендовите на Витаминка на регионалните пазари. Средбата беше исполнета со креативна енергија, мотивирачки идеи и силен тимски дух, кој уште еднаш ја потврди амбицијата на компанијата – континуиран раст и лидерска позиција во индустријата. „Преку овие состаноци, вложуваме во меѓусебна доверба, стабилност и заеднички успеси", беше истакнато на настанот. „Енергијата што ја понесовме од Сараево е поттик за уште посилна и поуспешна Витаминка во периодот што следи".

Средбата заврши со заклучок дека вистинската сила на Витаминка лежи во заедништвото и визијата за постојан напредок – вредности што се темел на сите наши идни успеси.











*Одиме напред*

# Орде Ѓорѓиоски со порака од конференцијата на Македонска берза - управувањето е повеќе од форма, тоа е вредност

Македонска берза АД Скопје во септември во Охрид ја одржа 24-тата Годишна конференција, традиционален настан што обедини повеќе од 250 претставници на финансискиот сектор, котираните компании, регулаторите, институциите и академската заедница.

На панелот насловен „Добри практики за корпоративно управување – нормативa v.s. пракса", панелист беше директорот на правни и општи работи во Витаминка, Орде Ѓорѓиоски, кој се осврна на состојбите со усогласеноста на котираните друштва со одредбите од Кодексот за корпоративно управување, како и на воведувањето на дигиталните технологии при организирањето на акционерските собранија.

Ѓорѓиоски истакна дека иако дел од обврските во Кодексот сè уште се применуваат декларативно, се забележува позитивен тренд на подобрување и поголема свест за важноста на корпоративното управување. Тој додаде дека ваквите стандарди придонесуваат за поголема предвидливост и стабилност во работењето.
Меѓу темите на панелот беше и воведувањето на виртуелни акционерски собранија, кои би овозможиле поголема достапност и учество на акционерите, особено кога ќе се создадат соодветни законски услови.
На конференцијата присутни беа и финансискиот директор на Витаминка, Иван Стрезоски и шефот на сметководство, Бранимир Димков.

Со своето активно учество, Витаминка уште еднаш го потврди својот континуиран ангажман во унапредувањето на корпоративната култура и транспарентното работење.





*Посети и признанија*

# Министерот Трипуновски во посета на Витаминка

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Цветан Трипуновски во септември ја посети Витаминка, изразувајќи благодарност за нашата поддршка на кампањата „Македонско Најдобро: Наша традиција, наша гордост".

Министерот потенцираше дека Витаминка, со своите 670 вработени и извоз на свои производи во над 30 земји ширум светот, е пример за тоа како македонските компании можат да бидат конкурентни на светскиот пазар и препознатливи надвор од границите на Македонија.

„Ме радува нивната поддршка за кампањата „Македонско најдобро: Наша традиција, наша гордост" - логото на кампањата ќе го има на нивните производи, што е силна порака за промоција на нашите производи", истакна министерот.

„Се согласивме дека со избирање на домашен производ, не избираме само храна или продукт - туку директно инвестираме во нашата економија, создаваме нови работни места и ја зајакнуваме стабилноста на државата", додаде министерот Трипуновски.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во јули 2025 година ја започна кампањата „Македонско Најдобро: Наша традиција, наша гордост", која има за цел да го зајакне домашното земјоделско производство и да ја подигне свеста за квалитетот на македонските земјоделски производи. Платформата содржи интерактивна мапа „Каде да купам" која преку автоматска геолокација им помага на граѓаните да ги пронајдат најблиските продажни места за домашни земјоделски производи и преработки, со можност за филтрирање по категорија или специфичен производ.







*Посети и признанија*

# Благодарница од Економскиот факултет во Прилеп

Витаминка со гордост ја негува долгогодишната и успешна соработка со Економски факултет – Прилеп, соработка која секогаш се темели на взаемна доверба, поддршка и придонес во развојот на образовниот процес. Преку континуирана размена на знаење и искуства, Витаминка активно ја поддржува младата академска заедница и се залага за поттикнување на нови генерации економисти кои ќе придонесат за развојот на локалната и националната економија.

Оваа година, кога Економскиот факултет во Прилеп одбележува импресивни 65 години постоење, нашата компанија беше одликувана со благодарница за успешната и неизмерна поддршка - признание кое за нас претставува голема чест, но и потсетник на заедничките вредности кои ги споделуваме со факултетот: знаење, посветеност и стремеж кон напредок.



За Витаминка, ваквите партнерства се од особено значење, бидејќи образованието и инвестицијата во младите луѓе претставуваат темел за одржлив развој и идни успеси.

Витаминка и понатаму останува посветена на соработки што создаваат вредност, поддржуваат млади таленти и го збогатуваат образовниот и деловниот екосистем.

*Во фокусот*

# Витаминка ја претстави својата понуда на двата престижни меѓународни саеми - Anuga 2025 и Foodex Saudi Arabia 2025

Витаминка и оваа година продолжува со својата успешна стратегија за меѓународна промоција и проширување на извозните пазари, со учество на два значајни глобално познати саеми за храна и пијалаци – Anuga 2025 во Келн, Германија и Foodex Saudi Arabia 2025 во Ријад.

Со своето присуство на овие престижни манифестации, Витаминка уште еднаш го потврдува својот статус на водечки македонски производител во прехранбената индустрија и препознатлив регионален бренд кој успешно ги претставува македонските производи на светската сцена.

На Anuga 2025, најголемиот глобален саем за храна и пијалаци, компанијата ја презентира својата богата и внимателно селектирана понуда од слатката и солената програма, со акцент на новитетите што ги следат современите трендови и вкусови. Настапот во Келн овозможи директни средби со партнери и потенцијални купувачи од целиот свет и дополнително го зајакна меѓународниот имиџ на Витаминка.

„Присуството на Anuga претставува извонредна можност за контакт со глобалната бизнис јавност и потврда дека Витаминка е препознатлива како сигурен и иновативен бренд надвор од македонските граници. Тоа е поттик за понатамошен развој и ширење на нашето присуство на нови пазари,“ изјави Љупчо Велески, директор за извоз во Витаминка.

Истовремено, Витаминка оваа година за првпат се претстави на саемот Foodex Saudi Arabia 2025, кој се одржа во Ријад и претставува водечка платформа за брендовите од областа на прехранбената индустрија на Блискиот Исток и Северна Африка. Со овој настап, компанијата направи значаен пробив на пазар со над 36 милиони потрошувачи и ги постави темелите за нови партнерства и дистрибутивни канали во регионот.

„Foodex Saudi Arabia е водечки меѓународен саем целосно посветен на индустријата за храна и пијалаци. Веруваме дека нашето прво учество ќе отвори врати кон нови можности и ќе придонесе за зајакнување на извозот на нашите производи во еден од најдинамичните пазари во светот,“ истакна Сашо Наумоски, генерален извршен директор на Витаминка.

Со континуираното учество на водечките глобални настани од областа на храната, Витаминка ја потврдува својата посветеност кон квалитетот, иновацијата и промоцијата на македонската прехранбена индустрија на светско ниво.




ORIGINAL
TASTE
CHOCO


ORIGINAL
TASTE
CHOCO
NON
FRIED


Cake Up!
BROWNIE
30
400
VITAMINKA
Since 1956


ORIGINAL
TASTE

*Во фокусот*

# Регионална размена на добри практики за родово одговорни политики во компаниите

Споделување на родово одговорни семејни практики во компаниите беше тема на студиската посета за размена на искуства во Сараево, БиХ, на која во октомври годинава присуствуваше нашата Мартина Шошеска од правниот сектор на Витаминка.

Студиската посета се одвиваше во рамки на проектот „Проширување на изборот преку политики за усогласување на семејните и работните обврски“, имплементиран од УНФПА и Здружение Конект, а финансиски поддржан од Австриската агенција за развој (АДА). Целта на оваа посета беше преку споделување на нашите родово одговорни семејни практики да се зголеми бројот на компании кои ги применуваат во приватниот сектор во Западен Балкан.

„Нашето учество како водечка компанија во спроведување на родово одговорни семејни политики во овој проект е од исклучително значење и ни беше укажана можност да споделиме наши искуства, како и да имаме увид во практиките од целиот регион“, објаснува Шошеска.

Програмата на УНФПА меѓу другото, ги поддржува приватните компании во создавањето работни места приспособени на семејството, земајќи ги предвид конкретните потреби на жените. Овој проект се спроведува во пет земји од регионот - Северна Македонија, Србија, Косово, Албанија и Босна и Херцеговина.

Студиската посетата понуди единствена можност за учество на конференцијата „Drive 2025” во Сараево, на која се дебатираше за исклучително важни теми, како што е улогата на вештачката интелигенција во обликувањето на иднината на човечките ресурси и лидерството, градењето идни вештини и премостувања на генерациските јазови на работното место.





*Во фокусот*

# Витаминка на најголемиот трговски настан на македонскиот пазар - FMCG самит




Претставници на Витаминка учествуваа на 11-тиот FMCG самит во Скопје, настан што во последнава декада прерасна во најголем трговски настан, обединувајќи го целиот малопродажен сектор.

Наши претставници на самитот на кој говореа десет врвни говорници од Македонија, регионот и од светот беа Душица Неделкоска, маркетинг и ПР координатор, Христијан Печијарески и Кире Јовески, менаџери за клучни продавачи во Витаминка.
Етаблираните говорници споделија практични искуства, инспиративни приказни, релевантни истражувања и конкретни совети во однос на трансформацијата во секојдневното работење на компаниите.

Говорниците на самитот се осврнаа на ценовните стратегии и репозиционирањето на брендови, новите технологии во малопродажбата и дигиталната трансформација, промените во потрошувачките навики, in-store брендирањето и растот на дисконтерите кои го менуваат пазарот. Исто така, беа опфатени теми за перформанс менаџмент, лидерство и митовите во FMCG индустријата.

Со своето постојано присуство на вакви етаблирани настани, Витаминка уште еднаш ја потврдува својата посветеност да биде во тек со најновите пазарни тенденции, трендови и иновации што го обликуваат FMCG секторот.



*Во фокусот*

# Обликуваме иднина заедно: Витаминка на Digiton Conference 2025 во Белград



На годинешната Digiton Conference 2025, регионална конференција која е фокусирана на Microsoft Dynamics и Power Platform технологиите, тимот на Витаминка беше дел од креирањето и планирањето на новите трендови во интеграцијата на вештачката интелигенција во ЕРП системот на Microsoft D365.

Настанот се одржа во зградата на Microsoft во Белград, а беше организиран од страна на Axapta Masters во соработка со Axapta Learning Center.

Тимот на Витаминка, составен од Васко Наумоски – ИТ Менаџер, Бранимир Димков – шеф во финансии, Филип Кузманоски и Јане Мачески – ИТ администратори, ја имаше огромната можност да сподели искуства со регионални експерти - лидери во градењето на иднината на ЕРП системите.



*Кон иднината*

# Брилијант - „те сака, не те сака“




Витаминка ја претстави новата реклама за маслото Брилијант – кампања која ја носи пораката „Те сака, не те сака“, инспирирана од симболиката на љубовта и секојдневната блискост во кујната.

Во спотот, преку едноставен, но емотивен момент на берење ливчиња од цвет, се открива идејата дека Брилијант секогаш „те сака“ – секогаш избира да биде тука кога готвиме со љубов, кога се грижиме за семејството и кога сакаме најдобро за нашите најблиски.

Рекламата е создадена со топла, домашна атмосфера и визуелен јазик што ја одразува природноста, чистотата и довербата што со децении го следат брендот. Таа ја поврзува емотивната вредност на љубовта со квалитетот и сигурноста на производот – затоа што Брилијант не е само масло, туку дел од моментите што ги сакаме најмногу.

Со оваа кампања, Витаминка го потсетува потрошувачот дека во морето на избори, вистинскиот – секогаш те сака.

*Во Витаминка*

# За „Sorry“ ја направивме првата реклама во прехранбената индустрија целосно создадена со вештачка интелигенција

Како што ги претставивме новите вкусови за популарните бонбони „Sorry“, банана и манго, така ја создадовме и првата реклама на македонскиот пазар целосно продуцирана од вештачката интелигенција (AI). Со оваа пионерска иницијатива, Витаминка уште еднаш ја потврдува својата улога на иноватор во индустријата и лидер во воведувањето на нови технологии, овој пат во комуникацијата со потрошувачите.








Рекламата е комплетно изработена со помош на најсовремени AI алатки, кои овозможија создавање на уникатни визуелни решенија, динамична анимација и впечатливи сцени кои претходно беа тешко остварливи во традиционалната продукција. Секој сегмент, од сценографијата и карактерите, до светлото, боите и амбиентот е генериран со вештачка интелигенција, при што креативниот тим ја насочуваше технологијата за да се добие саканиот уметнички израз.

И покрај тоа што е создадена со технологија, рекламата ја доловува суштинската емотивна компонента, моментот на извинување и споделување. ,,Sorry" отсекогаш бил симбол на мала, но искрена порака која носи блискост и топлина. AI креацијата го надгради ова чувство преку впечатлива визуелна поетика што ја оживува магијата на извинувањето и ја претставува на свеж и допадлив начин.

За Витаминка, ова не е само реклама, туку стратегиски чекор кој ја потврдува нејзината позиција како компанија што не се плаши да експериментира, да инвестира во иднината и да биде пред своето време. Со интеграцијата на AI во креативните процеси, Витаминка ја зацврстува својата врска со младата публика која очекува модерни и возбудливи комуникациски решенија, но и покажува дека традицијата и иновацијата можат да одат рака под рака.

Рекламата за ,,Sorry" создадена со вештачка интелигенција е достапна на официјалниот канал на Витаминка на Јутјуб.



*Подаваме рака*

# Подигање на свеста за ракот на дојка: Атлантис обоен во розово

Октомври е Меѓународен месец за подигање на свеста за ракот на дојка, а Витаминка и оваа година преку своите чоколадни морски школки Атлантис ја испрати пораката за надеж, храброст и грижа за сопственото здравје.

Во овој период, Атлантис е обоен во розово - бојата на надежта, храброста и поддршката!

Преку оваа иницијатива, Витаминка упатува апел до сите жени дека превенцијата, самопрегледот и раната детекција на ракот на дојка се најважни. Редовните прегледи и самопрегледот на дојките се клучни и тие можат да помогнат ракот да се открие навреме, кога шансите за успешно лекување се најголеми.

Затоа, во своето здравје вложувај, редовни прегледи не одложувај!




*Во Витаминка ...*

# Посреќно и посвесно родителство

Како компанија која со децении ја негува грижата за здравјето и семејните вредности, Витаминка со гордост беше спонзор и поддржувач на четвртата конференција „Свесно родителство", што се одржа од 1 до 5 октомври под организација на roditelstvo.mk и МамаКруг.

Оваа инспиративна иницијатива им овозможи на родителите да растат заедно со своите деца, преку предавања, панел-дискусии и лични приказни од еминентни експерти во областа на психологијата, едукацијата и воспитувањето. Конференцијата опфати 17 предавања и две панел-дискусии, а кулминираше со настан во живо на 5 октомври во Скопје.






Како дел од оваа прекрасна атмосфера, Витаминка им овозможи на посетителите да уживаат во дегустација на новите FitIn интегрални бисквити и добро познатата Цевитана, кои со својата комбинација на вкус и хранлива вредност совршено ја отелотворуваат пораката на настанот – здрави навики, рамнотежа и внимание кон себе и кон семејството.

Витаминка верува дека грижата за семејството, љубовта и свесниот пристап кон животот се темели на здрава иднина. Затоа, со радост стоиме зад проекти кои инспирираат, едуцираат и ја поттикнуваат свесноста кај родителите и децата.




*Подаваме рака*

# Стоби Флипс за децата поддржани од СОС Детско село - од секое купено пакување ќе се извојуваат средства за донација

Ја започнавме највредната и најблагородна донаторска активност - со секој купен Стоби Флипс ќе се издвојуваат средства за децата поддржани од СОС Детско село Македонија. Со помош на оваа општествено одговорна кампања на Витаминка реализирана под слоганот „Заедно за топол дом, љубов и грижа за секое дете" потрошувачите ќе можат директно да учествуваат во донаторскиот процес и да придонесат за посреќно детство на децата поддржани од СОС Детско село.

Преку ваквата иницијатива, Витаминка ја продолжува својата мисија да ги поттикнува општествената одговорност и солидарноста. Кампањата има за цел да ја подигне јавната свест и да обезбеди поддршка за децата без родителска грижа. Специјалното издание на Стоби Флипс, инспирирано од боите и мисијата на СОС Детско село, ја носи пораката на кампањата: „Заедно за топол дом, љубов и грижа за секое дете" – симбол на заедништво и поддршка за децата кои имаат најмногу потреба од тоа.

Со оваа кампања сакаме да потсетиме дека вистинските вредности почнуваат од емпатијата и желбата да се направи добро дело. Витаминка секогаш била блиску до семејствата и децата, а преку Стоби Флипс – бренд што го обединува сите генерации – сега ја пренесуваме пораката дека заедно можеме да изградиме посреќно и похумано општество.

Средствата собрани преку оваа акција ќе бидат насочени кон проектот „Менталното здравје пред сè", кој обезбедува психолошка поддршка и специјализирана едукација со рехабилитација за децата и младите поддржани од СОС Детско село Македонија.

Од СОС Детско село Македонија додаваат дека ваквите партнерства имаат длабоко и трајно значење за нивно непречено делување во општеството. „Партнерствата како ова со Витаминка се клучни за одржливоста на нашата мисија. Тие ни овозможуваат да продолжиме да обезбедуваме стручна поддршка, едукација и психолошка грижа, но и да ја шириме пораката за важноста од заедничка одговорност во грижата за секое дете".






Во рамки на кампањата ќе бидат реализирани забавно-едукативни активности, меѓу кои посета на маскотата Флип на СОС Детско село која ќе вклучува многу забава и смеа, како и посета на децата во фабриката Витаминка, каде тие ќе можат да го запознаат процесот на создавање на нивниот омилен Стоби Флипс и да поминат ден исполнет со учење, дружба и топли моменти.

Со оваа кампања, Витаминка уште еднаш ја потврдува својата улога како општествено одговорна компанија, посветена на поддршка на најмладите и на создавање подобро, похумано и посреќно општество за сите.

*Во Витаминка ...*

# Витаминка - училница за љубопитните млади умови



Витаминка и оваа есен беше домаќин на повеќе организирани посети од прилепските училишта и градинки, кои со голем интерес го откриваа светот на производството на омилените македонски вкусови.
Најмладите од Детскиот центар „Тик Так“ Прилеп и децата од градинката „Наша иднина“ Прилеп со голема радост ја посетија фабриката, каде преку забавна и едукативна прошетка се запознаа со тоа како настануваат нивните омилени грицки и слатки задоволства. Учениците од насоката фармација при Средното општинско училиште „Ѓорче Петров“ Прилеп со особено внимание ја разгледаа лабораторијата, интересирајќи се за процесите на контрола на квалитет и безбедност на храната.
Посета оствarија и учениците од ОУ „Јонче Смугрески“ од Обршани, кои се воодушевија од можноста да видат како се создаваат нивните омилени производи.
Како и секогаш, тимот на Витаминка им приреди топло добредојде, интересна презентација за историјата и вредностите на компанијата, како и посета на погонот за производство на Флипс, каде што се создава најомилениот македонски бренд, Стоби Флипс.
Сите си заминаа со насмевки, полни раце вкусни изненадувања и срца исполнети со нови впечатоци, затоа што во Витаминка секоја посета е вистинско доживување на знаење, дружба и љубов кон вкусовите што нè поврзуваат.











*Во Витаминка*

# Првачињата од Витаминка со големи насмевки и полни ранци

Секој почеток на учебната година е посебен и за децата и за родителите. Но, секогаш радоста е најголема за првачињата и нивното прво училишно искуство.
Витаминка е компанија која сака да ги слави и да ги споделува тие радости, особено со најмалите.
За таа цел, на сите вработени, чии дечиња оваа учебна година беа првачиња, Витаминка им додели ранци со неопходниот прибор и со многу наши производи за успешен почеток.
Првачињата имаа и прошетка низ фабриката, а очекувано, најдолго се задржаа во деловите каде се произведува нивниот омилен производ - Стоби Флипс.
Ваквите инспиративни иницијативи исполнети со детска радост ја потврдуваат визијата на Витаминка да биде повеќе од компанија, туку семејство кое расте заедно со своите луѓе.










*Здрав дух во Витаминка*

# Чекор кон подобро здравје: тимот на Витаминка дел од Скопскиот маратон

Со голем ентузијазам, мотивација и тимски дух, тимот на Витаминка во октомври годинава учествуваше на најмасовниот спортски настан во земјава – Виз Ер скопски маратон 2025.

Тимот ја истрча патеката од 5 километри, покажувајќи дека кога постои дисциплина, волја, тимска поддршка и позитивна енергија - секоја цел е достижна!

За нас, ова не беше само спортски предизвик, туку и можност да се промовира важноста на активниот начин на живот, здравите навики и тимската енергија што секојдневно ја негува Витаминка. Овој голем спортски настан од исклучителна важност ни претставува и потсетник дека заедно можеме повеќе и дека секој чекор кон подобро здравје и активен живот е победа сама по себе. Но, вистинската сила не се мери само во километри, туку и во насмевки, поддршка и заеднички дух што нè движи напред.





*Здрав дух во Витаминка*

# До највисоките врвови на Балканот и Арарат

Гордост, истрајност и љубов кон предизвиците се вредности што секојдневно ги живее нашиот колега Христијан Секуловски, член на тимот на Витаминка и страстен планинар.

На 13 јуни, Христијан заедно со Кети Сечењи, како членови на Планинарското спортско здружение „Козјак" - Прилеп, го искачија највисокиот врв во Турција - легендарниот Арарат (5 137 м.н.в.), кој се издига на границата со Иран и Ерменија. Со тоа успешно реализираа едно од најпредизвикувачките планинарски искачувања во регионот.
Само неколку месеци подоцна, на 6 септември, Христијан го освои и највисокиот врв на Балканот – Мусала (2 925 м.н.в.), заедно со уште 14 планинари од Прилеп, Демир Хисар и Гостивар. Со тоа, нашиот возач во Витаминка успешно го совлада и овој предизвик и со гордост запиша уште еден подвиг во своето планинарско портфолио.

Со голема гордост Витаминка му честита на Христијан за овие исклучителни достигнувања. Неговите искачувања не се само спортски успеси, туку и потсетник дека истата сила, истрајност и страст што нè води до врвовите во планините, нè движи и во секојдневниот живот и во работата.


VITAMINKA
vitaminka.company


VITAMINKA
1938


ВРЪХ
МУСАЛА
н.в. 2925.40 м
СТОБИ
ФЛИПС

*Витаминка и спортот*

# Енергија, насмевки и 2U healthy барови на „Че Трчаме 2025“

Со многу енергија, тимски дух и насмевки, Витаминка беше дел од овогодишната трка „Че Трчаме 2025“ што се одржа во Прилеп. Како горд спонзор на овој спортски настан, компанијата уште еднаш ја потврди својата посветеност кон промовирањето на активниот и здрав животен стил.

Оваа година, 17 вработени од Витаминка со огромен ентузијазам ја истрчаа патеката, докажувајќи дека кога има тимска енергија - нема недостижна цел. Настанот беше вистински празник на движењето, спортот и заедништвото.
Во текот на трката, натпреварувачите имаа можност да ги дегустираат вкусните 2U Healthy Food барови - совршен избор за енергија и освежување при спортски активности.

Со учеството на своите вработени и поддршката на трката, Витаминка уште еднаш покажа дека компанијата стои зад вредностите што ги движат луѓето – здравје, тимски дух и позитивна енергија.











# Промоции и настани

**Денот на детето - настан во Сити мол; работилници во Ист Гејт и во Штип Сити мол - Флип и Стоби Флипс караван; роденден на Сити мол.**














ADMIRAL






NEWYORKER


STOBI FLIPS

*Со младите*

# Првата Детска олимпијада во Прилеп со енергија и вкус од Витаминка




Под организациската палка на :IWConnect, на спортските терени во Паркот „Могила на непобедените“, во септември се одржа првата Детска олимпијада во Прилеп, настан исполнет со смеа, спортски дух и детска радост.
Во ова прекрасно детско доживување, Витаминка со гордост се вклучи како еден од главните спонзори и поддржувачи, обезбедувајќи енергија, вкус и насмевки за сите мали олимпијци. Со своите производи, компанијата се погрижи децата да имаат вкусна пауза меѓу игрите и да ја почувствуваат вистинската сила на здравата енергија.
На олимпијадата, вкупно 13 тимови се натпреваруваа во шест различни спортски и креативни игри, покажувајќи што значи вистинско заедништво, дисциплина и фер-плеј. На крајот беа прогласени тројца шампиони - тимовите кои најмногу се истакнаа со својот спортски дух, тимска работа и креативност. Секое дете си замина со медал, насмевка и спомени што ќе ги носи долго.
За Витаминка, поддршката на вакви настани претставува вложување во најважните вредности - здравјето, радоста и детската енергија што го движи светот напред.

*Со младите*

# За успешни студентски денови

На 1 октомври, Витаминка со задоволство беше дел од првиот академски ден на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, кој традиционално го одбележува почетокот на новата академска година.
Настанот претставуваше прекрасна можност за дружење, позитивна енергија и поддршка на студентите, кои имаа можност да уживаат во омилените Стоби Флипс и новите вкусови од линијата Cake Up Jelly – јагода и праска.
Со своето присуство, Витаминка ја потврди својата заложба за поддршка на младите генерации, промоција на активен и позитивен дух и споделување на вредности што инспирираат успеси.
Новиот академски почеток е секогаш исполнет со ентузијазам, надеж и нови предизвици, а Витаминка со големо задоволство беше дел од оваа позитивна приказна.












*Со младите*

# Поддршка за спортот и здравиот дух преку Simfonija Boxing Night

Во модерно опкружување каде спортската култура сѐ повеќе станува дел од самата заедница, компанијата Витаминка се истакна како силен поддржувач на активности кои не само што промовираат здрави навики, туку и собираат генерации околу заеднички вредности и забава. Во рамките на оваа своја дејност, Витаминка беше значаен спонзор на настанот Simfonija Boxing Night, одржан на 27 септември 2025 година во салата „Симфонија" – Ново Лагово, Прилеп

Со тоа уште еднаш ја потврди својата посветеност на промоцијата на спортот и здравиот начин на живот. Настанот, кој го означи враќањето на професионалниот бокс во градот, собра голем број љубители на спортот и понуди шест возбудливи професионални борби со натпреварувачи од Македонија и регионот, проследени со музичка забава.
Со оваа поддршка, Витаминка не само што даде придонес кон развојот и популаризацијата на спортската култура во Македонија, туку и испрати порака дека вистинските вредности – дисциплината, упорноста и тимскиот дух – се темел на секој успех. Преку вакви настани компанијата продолжува да биде активен промотор на спортот и пример за општествено одговорно делување во заедницата.





*Со младите*

# Највкусното од Витаминка на тенискиот фестивал во Струмица




На 4 октомври плоштадот во Струмица беше исполнет со детска енергија, насмевки и спортски дух! Повеќе од 150 деца на возраст од 5 до 15 години учествуваа на осмиот Тениски фестивал, каде што преку игра и забава ги направија своите први тениски чекори.
Со голем ентузијазам, Витаминка беше дел од овој спортски празник, подарувајќи вкусни изненадувања и давајќи им дополнителна енергија на најмладите учесници. Настанот ја промовираше љубовта кон спортот и физичката активност, поттикнувајќи здрави навики, дисциплина и тимски дух кај најмладите.
Настани исполнети со насмевки, спорт и радости се токму вредностите што Витаминка секогаш ги поддржува и ги споделува со новите генерации. Истиот настан се одржа и во Гевгелија, Велес и Прилеп.






*Спонзорства за нови авантури*

# Поддршка за новиот филм на Милчо Манчевски „Збогум, Копакабано"

Витаминка, како компанија која со децении ја гради својата мисија не само преку квалитетни производи, туку и преку активна поддршка на културата и уметноста во Македонија, со особена чест ја дава својата поддршка за новиот филм на реномираниот македонски режисер Милчо Манчевски – „Збогум, Копакабано".

Филмот претставува социјална трилер-комедија која, низ приказната за брат и сестра што крадат бисти низ Скопје, отвора значајни теми за современото општество. Делото ги истражува сестринската љубов, самотијата, сиромаштијата, корупцијата и општествените поделби, при што нуди универзална порака за човечките релации и предизвиците на животот денес.

Снимањето се реализира со меѓународна екипа на локации низ и околу Скопје, при што се истакнува визуелниот контраст меѓу различните социјални слоеви во градот.

Поддршката на Витаминка за овој филм е дел од нашата континуирана заложба да се вложува во проекти со културна и општествена вредност кои ја афирмираат македонската уметност и ја промовираат нашата земја на меѓународната сцена.

Со гордост ја следиме реализацијата на „Збогум, Копакабано" и веруваме дека филмот ќе остави значајна трага во македонската и светската кинематографија.



*Вложуваме во образование*

# AirFlow Music Festival - фестивал со големо срце




Витаминка, преку својот бренд Цевитана, со гордост беше дел од AirFlow Music Festival - хуманитарен настан што ја обедини младоста, музиката и добрината на едно место. Настанот се одржа на спортскиот аеродром во Прилеп, каде што се собраа љубителите на домашната музичка сцена, исполнети со позитивна енергија и желба да помогнат онаму каде што е најпотребно.

Благодарение на сите посетители, организатори и спонзори, на фестивалот беа собрани 807.500 денари, како донација за поддршка на повредените од пожарот во Кочани, преку организацијата Support Kocani и Центарот за култура „Марко Цепенков" – Прилеп.

Со оваа акција, Витаминка уште еднаш ја покажа својата посветеност кон општествената одговорност и својата верба дека вистинската сила на заедницата лежи во солидарноста и хуманоста.

AirFlow Music Festival ја докажа моќта на музиката да обедини, инспирира и да донесе вистинска промена, а Витаминка со гордост стои зад сите иницијативи од ваков карактер.






*Детски фестивал Весели ѕвончиња*

# Витаминка дел од летното издание на Jojo's United во Љубаништа

Од 28 август до 31 август, покрај прекрасното Охридско Езеро, се одржа третото издание на фестивалот Jojo's United - четири дена исполнети со музика, спорт, вкусна храна и многу добра енергија. Настанот и оваа година ги обедини љубителите на активниот живот, добрата забава и летниот дух во Љубаништа.
Со големо задоволство, Витаминка и оваа година беше дел од фестивалот преку својата препознатлива Цевитана зона - место за релаксација и освежување, каде што посетителите уживаа во дегустација на производите во прекрасна летна атмосфера.
Дополнително, посетителите на Jojo's United имаа можност да ги пробаат новите Витаминка сосови, како дел од специјалното мени на Jojo's BBQ штандот, каде вкусните бургери и хот-догови добија сосема ново гастрономско доживување.
Фестивалот уште еднаш ја потврди својата мисија - да обединува генерации преку спорт, музика и дружење, а Витаминка со задоволство ја сподели својата позитивна енергија со сите присутни.










*Вложуваме во образование*

# Во светот обоен со фантазија и аплаузи




Фестивалот за детски претстави „Силјан Штркот", по шести пат се одржа од 15 до 19 септември годинава во Прилеп, обединувајќи ги најубавите детски приказни, театарската магија и искрената радост на најмладите. Витаминка и годинава беше поддржувач на овој прекрасен настан кој го слави детството, креативноста и љубовта кон уметноста.
Како компанија која со генерации е дел од растењето на најмладите, Витаминка секогаш со радост ги поддржува иницијативите што ја негуваат детската радост, имагинацијата и добрината. Преку оваа соработка, Витаминка уште еднаш ја потврди својата посветеност кон вредностите што обединуваат - љубов, грижа и инспирација.
Постои свет кој возрасните честопати го заборааат – свет обоен со детска фантазија и чудење пред секое ново откритие. Таму секое дете е светлина, секоја насмевка е потсетник дека љубовта и добрината се највкусните состојки на животот. За Витаминка, да биде дел од тој свет е вистинска чест и радост.

*Вложуваме во образование*

# Авантура и адреналин низ природата околу Крушево

Крушево повторно беше центар на авантурата и природата со одржувањето на тридневниот фестивал When in Krusevo (Кога си во Крушево) 2025, кој и годинава на едно место ги собра љубителите на аутдор активностите, спортот, музиката и позитивната енергија.
Како општествено одговорна компанија, Витаминка со задоволство ја поддржа оваа инспиративна иницијатива, која го промовира активниот животен стил и уживањето во природата. Посетителите уживаа во богата програма исполнета со адреналин и авантури – планински велосипедизам и планински тури, параглајдинг, јавање коњи, биатлон, кајак, SUP активности, музејски тури, концерти.
Учесниците имаа можност да ги пробаат и да уживаат во неодоливите вкусови на Витаминка производите – верни придружници на секоја авантура. Со својата поддршка, Витаминка уште еднаш потврди дека стои зад настани кои го промовираат здравиот дух, движењето и љубовта кон природата - вредности кои се во срцето на нејзината корпоративна филозофија.











ВИТАМИНКА
FIT!N ВО ЧЕКОР СО ТЕБЕ
НОВ ПРОИЗВОД
FIT!N
WHOLE GRAIN BISCUITS
WITH PEA PROTEIN
100% WHOLE GRAINS

*Вложуваме во образование*

# Забава за паметење - Пиво фест 2025 во Прилеп

Прилеп повторно беше центар на забавата, музиката и убавата енергија со годинешното издание на Пиво фест 2025, кое се одржа од 18 до 20 јули. Настанот, препознатлив по својата уникатна атмосфера и илјадниците посетители, донесе денови исполнети со вкусна скара, пиво и одлична музика.
Оваа година, на фестивалот посебна свежина донесе Витаминка со своите препознатливи брендови Цевитана и Стоби Флипс, кои создадоа вистинска зона на забава и вкус. Посетителите уживаа во вкусните изненадувања, дегустации и дружењето со нашите тимови во центарот на градот – во Цевитана зоната од 11 до 13 часот и во Стоби Флипс зоната од 20 часот навечер.
Со многу насмевки, позитивна енергија и вкусни моменти, Витаминка уште еднаш ја покажа својата блискост со потрошувачите и поддршката на локалните настани што ја слават заедништвото и убавите навики.
Три фестивалски денови, полни со музика, вкус и пријателство – и ова лето Прилеп повторно блесна во најдобро издание, а Витаминка беше дел од таа вкусна авантура!




*Гастрономија*

# Кулинарско шоу „Четири сезони" на ТВ Алфа со Витаминка

Витаминка е горд спонзор на новото кулинарско шоу „Четири сезони", кое во септември започна да се емитува на ТВ Алфа. Секој работен ден, гледачите имаат можност да откријат инспиративни рецепти и практични совети за подготовка на вкусни, здрави и економични оброци.
Во емисијата, познатиот шеф со светско реноме проф. Дејан Христовски на интересен и едноставен начин ги води гледачите низ тајните на добрата кујна - од традиционални специјалитети до современи гурмански рецепти.
Како спонзор, Витаминка ја препозна важноста на проектите кои ја слават храната, културата и здравите навики. Со своето долгогодишно искуство и посветеност кон квалитетот, Витаминка и во оваа соработка го потврдува својот статус како бренд кој е дел од секојдневните моменти на уживање, во секоја сезона и за секое семејство.

Преку поддршката на „Четири сезони“, Витаминка уште еднаш ја потврдува својата мисија да биде инспирација за сите љубители на добрата храна и семејните моменти околу трпезата. Брендот продолжува да ја гради својата врска со потрошувачите преку автентични вкусови, креативност и искрена посветеност кон домашната традиција и модерниот животен стил.



*Гастрономија*

# Празник на пастрмајлијата и гастрономијата во Штип

Витаминка беше дел од овогодишното издание на познатата манифестација „Штипска пастрмајлијада“, што се одржа во септември и уште еднаш го претвори Штип во центар на традицијата, вкусот и доброто расположение.



Мирисот на свежо подготвена пастрмајлија и богатата музичка програма ги обедини илјадниците посетители кои дојдоа да уживаат во гастрономските специјалитети и фестивалската атмосфера.

Почетокот на манифестацијата го означи џиновската пастрмајлија, рекордно голема оваа година, подготвена со 17 килограми свинско месо. Во рамките на фестивалот се одржа и голем музички концерт на градскиот стадион во Штип, со што се создаде вечер исполнета со енергија, емоции и забава.




Со своето присуство, Витаминка уште еднаш ја потврди својата блискост со потрошувачите и поддршката на настани кои ја негуваат македонската гастрономија, традицијата и заедништвото - вредности кои со децении се дел од нејзиниот препознатлив идентитет.

*Гастрономија*

# Бевме дел од највкусната авантура во Прилеп

Витаминка беше дел од возбудливиот Street Food Festival, кој на 23 и 24 август го претвори Прилеп во центар на највкусната улична авантура! Во нашата Витаминка зона се дружевме, делевме насмевки и вкусни изненадувања, дегустиравме производи и се забавувавме со посетителите од сите генерации.

Како и секогаш, Витаминка ја внесе својата препознатлива енергија и вкус во настанот - со производи што ги поврзуваат луѓето и создаваат моменти за уживање.

Street Food Festival и оваа година донесе богата понуда на специјалитети, пијалаци и музичка програма, посетителите имаа можност да вкусат уникатни специјалитети и креативни улични деликатеси, а Витаминка беше таму за да додаде уште вкус, забава и позитивна атмосфера!






*Секогаш со природата*

# Прошаравме и на прекрасната Шара

Витаминка со задоволство ја поддржува секоја иницијатива што ја поттикнува љубовта кон природата и здравиот животен стил, а ова лето тоа го направивме преку поддршка на настанот ПроШарај на прекрасната Шар Планина. Бевме горди спонзори на ова прекрасно доживување, настан што се одржуваше два викенда, од 9 до 10 и од 16 до 17 август на Шар Планина и Попова Шапка.



Во нашата „Витаминка зона“ креиравме простор исполнет со позитивна енергија - посетителите имаа можност да се забавуваат, да освојуваат награди, да се освежат со Цевитана, а најмладите уживаа во дружбата со нашата маскота - мачорот Флип и омилените Стоби Флипс.

Особено ни е драго што преку вакви иницијативи се промовираат убавините и културното богатство на Шар Планина, со што придонесуваме кон развој на локалната заедница и поттикнуваме активен и здрав начин на живеење.














Веруваме дека токму ваквите моменти - исполнети со природа, насмевки и заедништво се најубавата потврда дека здравите навики и радоста од движењето се највкусниот дел од животот, исто како и производите на Витаминка.

*Секогаш со природата*

# Во срцето на Кожуф - каде вкусот се сретнува со авантурата

На планината Кожуф, во живописното село Бохула во Кавадарци, во август годинава се одржа настанот „Во срцето на Кожуф“, кој траеше два дена и собра повеќе од 350 посетители. Настанот беше исполнет со добра енергија, спортски активности и дружба во природа.






Со задоволство, Витаминка беше дел од овој настан, нудејќи ги своите благи производи, кои беа вистински деликатес и нераздвоен дел од доброто расположение. Посетителите уживаа во вкусот и енергијата што ја носат производите на Витаминка - совршено надополнување на авантуристичкиот дух и природата на Кожуф.

Настанот „Во срцето на Кожуф“ уште еднаш потврди дека кога има здрав дух, добра дружба и позитивна енергија, секој момент станува посебен. А Витаминка со радост стои зад ваквите иницијативи кои ги спојуваат луѓето преку движење, природа и вкус.

НОВ ПРОИЗВОД

ВИТАМИНКА

# FIT!N ВО ЧЕКОР СО ТЕБЕ




100% WHOLE GRAINS